Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

**Педагошка служба**

Shërbimi pedagogjik

Бр. 26-465/2
Датум

17 APR 2026

ДО:

Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по наставниот предмет Албански јазик и литература за II (втора) година гимназиско образование формирана со Решение бр.26-465/1 од 17.04.2026 година

ПРЕДМЕТ: Доставување на шифрирани ракописи за учебници по наставниот предмет Албански јазик и литература за II (втора) година гимназиско образование

Почитувани,

Министерството за образование и наука Педагошка служба објави Конкурс бр.26-1316/1 на 09.12.2025 година, на својата веб-страница.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) од страна на директорот на Педагошката служба со Решение бр.26-318/4 од 12.03.2026 година, е формирана Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по објавениот Конкурс.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) од Законот, по извршената проверка и шифрирање на пристигнатата документација по објавениот Конкурс, со допис бр.32-41/1 од 13.03.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-318/9 од 13.03.2026 година, до Педагошката служба ги достави шифрираните ракописи за учебници во два примероци во затворени и запечатирани пликоа за наставниот предмет Албански јазик и литература за II (втора) година гимназиско образование, со напомена истите да бидат доставени до Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по наставниот предмет Албански јазик и литература за II (втора) година гимназиско образование за понатамошно постапување.

Согласно наведеното, Ви ги доставуваме ракописите со шифра 022 и шифра 023 .

Покрај горенаведените шифрирани ракописи во прилог Ви го доставуваме и мислењето од Бирото за развој на образованието бр.09-735/3 од 24.03.2026 година заверено во писарницата на Министерството за образование и наука со бр.26-318/12 од 24.03.2026 година, според кое треба да постапите согласно член 14 став (6) од Законот.


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

Прилог:

2 шифрирани ракописи за учебници во 3 примероци

Со почит,

ДИРЕКТОР,

м-р Роберт Аџипетров

Изготвил: Мерита Зендели


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk